




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 5-20 авг 2025 Билтен бр. 603**

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

**Општина Карпош го замолува претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, да го посоветува неговиот личен кандидат за градоначалник на општина Карпош, Сотир Лукровски, кој има упатено писмо до секоја фирма поединечно, за средби на кои ќе се разговара за бизнис климата кај бизнис заедницата. Убаво би било господинот Мицкоски да му објасни на својот кандидат, неколку работи.**

**Дека детските градинки и основните училишта во општината се правни лица а НЕ се фирми. Тие се јавни установи за воспитување, згрижување и образование на децата. Оттука, би било убаво заеднички да ни објаснат, како децата од градинките и основните училишта ќе влијаат на „подобрување на бизнис климата, преку работни средби и преку формирање на заеднички платформи“?**

**Господинот Мицкоски треба да му објасни на личниот кандидат дека ги повикува на средба истите оние градинки и основни училишта, на кои неговата партија ВМРО ДПМНЕ гласаше во Советот на Карпош против Одлуките, да вработените од воспитно образовните установи не земаат плати, против осовременување на наставата преку набавка на смарт – панели, против заштеда на енергија и поставување на фотоволтаични панели, против реновирање на училиштата и градинките;**

**Би било чесно од претседателот на Владата да го подискара својот кандидат за градоначалник, дека на ваков начин со директно упатување на покана на адреса на фирмите и установите за наводни средби, врши притисок врз директорите на јавните установи, училиштата и фирмите. И оти ВМРО ДПМНЕ не треба да се служи со таков вид на притисоци;**

**Земањето на податоци од правни лица и праќање на мејлови за бизнис средби како претставник на политички субјект е флагрантно кршење на законите и форма на досега невиден притисок врз обични стопанственици. Во случајов, Лукровски не знае ама премиерот знае, дека кандидат за градоначалник се станува тогаш кога Државната изборна комисија ќе ја признае кандидатурата и дека кампања се води во точно утврден временски рок. Затоа, го повикуваме премиерот Мицкоски да го едуцира својот избраник за начините на водење на кампања, притоа да избегнува притисоци и доколку тој тоа не го стори, истиот ќе мора да биде корегиран од Основното јавно обвинителство, затоа што прави груби повреди не само на на Изборниот законик, туку и на низа други закони.**

# ЗАВРШИ ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „НЕРЕШКИ МАЈСТОРИ“

**Десет академски уметници деновиве ги изработуваа своите ликовни творби во дворот на црквата „Св. Пантелејмон“ во Долно Нерези, во рамки на тридневната ликовна колонија „Нерешки мајстори“ која се одржа од 19-21 август. Инспирацијата за сопствената експресија, академските сликари ја најдоа во спонтаната атмосфера која ја создала природата и мистичното опкружување на прекрасниот верски објект. Нивните сликарски дела говорат низ специфичниот, колоритен, стилско – уметнички израз, во техниките акрил и масло на платно.**

**Во знак на добрата соработка, уметниците ги подарија своите вредни ликовни творби, кои отсега ќе ја зботатуваат широката ризница на уметнички дела со која располага Општина Карпош. Уметниците изразија искрена благодарност за континуираната поддршка која ја добиваат од Општината и истакнаа дека навистина им значи грижата на локалната самоуправа во насока на уметноста.**

**Во оваа пригода, градоначалникот Стевчо Јакимовски им врачи на учесниците, благодарници за учество на ликовната колонија, како и по еден примерок од печатеното издание на монографијата „Карпош низ годините преку уметноста“.**



# ФОЛКЛОРЕН СПЕКТАКЛ ВО СРЦЕТО НА КАРПОШ

**Третата вечер на „Карпошовото културно лето 2025“, одбележана со бурни емоции, аплаузи, воздишки и воодушевувања од грандиозниот настап на Академското културно-уметничко друштво „Мирче Ацев“, кое наметна несовладлив интензитет и енергија, помеѓу изведувачите и присутната публика. Се чини дека плоштадот „Млечен“ со крајни напори ги рашири своите прегратки, за да ги прими сите љубители на фолклорот и традиционалниот народен мелос.**

**Посебен впечаток кај публиката оставија академскиот хор и играорната група на АКУД „Мирче Ацев“, кои со својот сценски настап и кореографија создадоа нераскинлива врска која ќе биде длабоко врежана во сеќавањата на карпошани. Вистинско освежување на сцената понудија и играорците од Романија и Мексико, кои со автентичниот мелос и народните носии кои се карактеристични за земјите од кои доаѓаат, ги освоија срцата на нашата домашна публика. Комплименти за организаторот, настапувачите и секако за беспрекорната публика, која несомнено покажа капацитет за прифаќање на културни идентитети и естетски вредности, кои се различни од нашето изворно поднебје.**



# УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ ПОДГОТВЕНИ ЗА НОВАТА УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА

**Во својот кабинет, градоначалникот Стевчо Јакимовски оствари работна средба со директорките на сите основни училишта кои функционираат на територија на општина Карпош. Во рамки на координативниот состанок со директорките се констатираше дека училиштата се во целост подготвени за почеток на новата учебна 2025/2026 година.**
**Овој 1-ви Септември во училиштата за прв пат во училишните клупи ќе седнат 608 првачиња.**

**Се констатираше и состојбата на вработените во училиштата, потребата за некои наставници, стручни соработници, како и за административно-технички персонал.**
**Од аспект на безбедноста се исполнети сите услови за непречено одвивање на наставата на основците.**
**Училиштата во текот на летните месеци беа бојадисани со еколошка боја, реконструирана беше и електричната мрежа каде што постоеше потреба за тоа, поставени беа нови противпожарни апарати во училишните објекти и обновени беа некои од хидрантските мрежи.**
**Од овој септември воспитно-образовниот процес во основните училишта низ Карпош ќе се одвива по најсовремени стандарди, за што локалната самоуправа обезбеди наменски средства од својот буџет. Имено, набавени се смарт-панели во сите училници и кабинети, за сите ученици од I -IX одд. Секое училиште се опреми со нова компјутерска училница за што беа набавени нови 254 компјутери.**
**Поставени се фотоволтаични системи за заштеда на електрична енергија и во рамки на училиштата на сите спортски игралишта е поставена вештачка трева.**
**Во таа насока, Општина Карпош со истиот интензитет ќе продолжи да работи на подигнување на стандардите и подобрување на условите за едукација на најмладите**



# ПРВИОТ СКОПСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ОДБЕЛЕЖА 84 ГОДИНИ ОД СВОЕТО ФОРМИРАЊЕ

**Трочлена делегација од Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, Секретарот, Весна Стефанова и претставникот од локалната самоуправа, Крсте Петревски, денеска положија свежо цвеќе пред споменикот на борците од Првиот Скопски партизански одред, кој се наоѓа во населбата Карпош 3. Пред спомен обележјето се поклонија и претставници на Сојузот на Борци на Македонија, како и од Градскиот одбор на Сојузот на борци, претставници на повеќе здруженија од општина Карпош, невладини организации, училишни делегации, претставници на политички партии и други почитувачи на борците за слобода од НОВ.**

**Пред присутните се обрати првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода истакна дека е особено горд на традицијата со која се одбележува споменот кон нашите херои и борци за слобода.**

**Топло ве поздравувам од името на локалната самоуправа и нејзиниот Совет и сакам да напоменам дека сме посебно среќни што организацијата на Сојузот на Борци на Македонија функционира на наша територија и што нивните членови се мошне активни. Со посебно задоволство можам да констатирам дека оваа почит кон учесниците во Народноослободителната војна, преку традиционални средби ја пренесуваме и на помладите генерации, што значи дека овој „пламен“ што бил запален на денешен ден пред 84 години, нема никогаш да изгасне – посочи Јакимовски.**
**Тој објасни дека ништо не е посилно од вербата и исконската желба, човекот да биде слободно битие.**

**Сите ние треба да им се спротивставиме на оние кои сакаат да ги минимизираат придобивките од НОВ и на жртвите кои ги дале овие млади луѓе, за ние да живееме во слободна и независна Македонија. Парите не се единствен услов за добар живот, туку напротив, оние вредности кои треба да ги поседува еден човек, а конкретно за нас Македонците тоа се јазикот, културата, и самобитноста на нашиот народ – додаде Јакимовски.**



## ДЕМАНТ ОД ОПШТИНА КАРПОШ ВО ВРСКА СО БАРАЊАТА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

**Општина Карпош во целост го демантира другарот на Христијан Мицковски, Сотир Лукровски, дека во општина Карпош има нерешени 11 000 предмети за легализација и замислете, тој ќе ги решел за две и пол години. Фактите говорат дека општина Карпош од 2011 до 2018 година има примено вкупно 12688 барања и од нив досега се решени 9385, а останати се уште 3303 барања. Најголем дел од нив се со нерешени имотно-правни и оставински постапки и се чека на завршување на судска постапка, на друг дел е побарана дополнителна документација, и мал дел се во постапка за решавање.**

**За кандидатура на градоначалник основен услов за кандидатот е да биде добро информиран и да не кажува лаги. Ако кандидатот во кампања кажува лаги, какво ли ќе биде неговото функционирање како Градоначалник!?**

**Општина Карпош го замолува г-дин Христијан Мицковски да го едуцира својот кандидат и го замолуваме да не ги вознемирува директорките на градинките и училиштата.**

## ПРОЕКЦИЈА НА „ПРЕД ДОЖДОТ“ ВО РАМКИ НА „КАРПОШОВОТО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025“

**Под отворено небо, вечерва во паркот во населбата Козле се одржа проекција на ремек-делото „Пред дождот“, на познатиот македонски режисер Милчо Манчевски. Карпошани уживаа во антологиските сцени на најуспешниот македонски филм на сите времиња, кој ја доживеа својата премиера пред точно 31 година.**

**Инаку оваа филмска класика е добитник на над 30 меѓународни награди, меѓу кои и престижната „Златен лав“ на филмскиот фестивал во Венеција и уште четири номинации од кои најзначајната е секако номинацијата за Оскар (Најдобар филм од неанглиско говорно подрачје) во 1995 година. Трите делови „Зборови“, „Лица“ и „Слики“ се поврзани во хармонична филмска нарација, а преовладува една од секојдневните и вечните теми на Балканот, секогаш подеднакво болна и актуелна, разработена на начин како што само Милчо умее да ја раскаже и режира.**



# ЕТНО КОНЦЕРТ НА АЛЕКСАНДАР ЈОВЕВСКИ

**Вечерва срцата на карпошани ги разигра нашиот успешен инструменталист Александар Јовевски, кој со својата авторски создадена музика и неговиот проект насловен „Од колено на колено“ ги потсети карпошани за вредноста на традицијата, грижата за идентитетот и убавината на  македонскиот фолклор. Преку звуците на македонските традиционални инструменти кавал, тамбура и канон  присутните имаа можност да пројдат низ едно музичко патување кое е создадено во минатото, сведочи денес но останува и за идните генерации да ја негуваат и слушаат македонската музика.**



## „DANCERS UNITED" ГО РАЗИГРАА КАРПОШ

**Вечерва на карпошово културно лето имаше програма од и за најмладите карпошани. На отворената сцена на плоштадот кај Млечен младинците и дечињата од танцовата школа "Денсерс јунајтед" ја забавуваа најмладата публика во динамичен ритам и енергичните танци. Понатаму како дел од програмата следеше кратко дружење со авторката Ана Јованоска, која потпишуваше примероци од своите дела со мисли кои ја поттикнуваат човечноста и вистинските вредности во животот.**



## УСВОЕНИ ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Советот на Општина Карпош заседаваше по 73-ти пат, во чии рамки беа разгледувани 10 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока, советниците расправаа и воедно ги усвоија сите Заклучоци поврзани со Годишните програми за 2025/2026 година, кои се однесуваат на работата на десетте основни училишта кои функционираат на територија на локалната самоуправа. Инаку, секоја година во овој период, училиштата согласно Законот за основно образование ги доставуваат своите Годишни програми за работа до нивниот основач, односно до Општина Карпош.**

# СОВЕТНИЦИ ВРШАТ КОНСТАНТЕН МОБИНГ ВРЗ ВРАБОТЕН ИНСПЕКТОР ВО ОПШТИНАТА

**Соопштение за медиуми изјава на Душко Андонов**

**Почитувани граѓани,**

**јас сум вработен во Општина Карпош од 2008 година и од тогаш па наваму се променија повеќе состави на совети, Градоначалници и раководители. Секогаш имало нормална комуникација меѓу инспекцијата и советот и имало разбирање за тоа дека името ми е големо „Инспектор“ но за жал нашите овластувања се опструирани и нашата улога во сузбивање на прекршителите преку закон опструирани и направен е систем со многу администрирање и слаби ефекти. За жал поединци од советниците од овој состав во континуитет врз мене вршат притисок користејќи груби навреди и омаловажување и многу често пречекорувајќи ги своите овластувања како советник не само етички, човечки туку и законски. Врв на ароганцијата и безобразлукот на една советничка беше вчера која поднела пријава до архива во 9 часот изутрина а во 9.10 веќе на каубојски начин упадна во мојата канцеларија без никаква предходна најава и барање веднаш да и се даде информација. Таа поднела пријава до архивата зошто така бара законот, пријавата да е во писмена форма или по маил и 10 минути по пристигнување на нејзината пријава во секторот, бара од мене да и дадам известување што се случува со конкретниот предмет. Нормално дека тоа е невозможно а згора на тоа во моментов имам над стотина активни предмети за кој тече процедура. Почитувани граѓани јас сум еден градежен инспектор а стотици прекршители јас не сум виновен тој што го пишувал законот ја растегнал процедурата до бесвест и овие исти советници не можат да разберат дека: Кога ќе добијам пријава јас сум должен во рок од 10 дена да излезам на терен, најчесто прекршителот не го наоѓам на лице место, барам контакт од истиот, телефон, седиште на фирма и адреса. Во голем број случаи иако комшиите пријавуваат не сакаат да дадат податоци за прекршителот. Кога ќе го пронајдам сторителот го повикувам кај мене да достави соодветна документација. Бидејќи нема одобрение за градба морам да изготвам записник. Овој записник морам да му го доставам во писмена форма, ги повикувам и телефонски но тие знаат зошто треба да дојде и најчесто не доаѓа, потоа испраќам препорачано писмо кое во 50% од случаевите се враќа со образложение дека не можат да ја најдат странката или истото не го подигнал. Јас ли сум виновен што поштата не функционира. Со истата динамика беше изгласан и Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2025 година. Во образецот на Извештајот за вториот квартал за 2025 година, во колоната План се прикажани вкупните приходи планирани со Буџетот за 2025 година во износ од 1.733.375.000 денари, додека пак во колоната – Реализирано се прикажани реализираните приходи за вториот квартал во износ 723.935.711 денари. Притоа, во општинскиот Буџет се планирани приходите на локалната самоуправа во износ од 803.537.000 денари, каде што е остварена реализација на приходите за вториот квартал во износ од 360.754.252 денари.**

Власта не знае дека оваа витална институција не не опслужува? Доколку овој документ го доставам лицето има право на приговор, ако е основан го прифаќам или отфрлам и носам нов акт опомена која повторно прекршителот треба да ја прими и мора да се помине низ истата голгота. Доколку нема одговор на тоа правам контролен записник и за тоа мора да има доказ дека доставата е извршена согласно закон . Доколку со контролниот записник се констатира дека објектот не е отстранет носиме решение за отстранување. И нормално мора решението правното или физичкото лице да го прими доколку тоа не се случи морам повторно да се обидам преку кој друг ако не преку поштата. Се случува да одам лично на врата и да не ми отворат врата. Доколку ја завршиме до овде постапката издавам налог за уривање за кој законот наложува задолжително странката да го има примено и затоа мора да има доказ во спротивно МВР не дозволува асистенција. Скоро сите прекршители поднесуваат жалби, наоѓаат врски и надлежните институции над нас ни го враќаат предметот на повторна постапка. И се мораме да направиме од почеток како што претходно ја објаснив постапката. Јавно прашувам како јас како градежен инспектор да бидам ефикасен на толку многу прекршители со толку сложена постапка и со ужасно не ефикасни други институции, а да не зборувам за притисоците, уцените и заканите кон мене и моето семејство. Трпам притисоци и закани од странки, но овие 4 години е неподнослива ароганцијата, безобразлукот и притисоците што врз мене одредени советници го вршат. Никакво објаснување за нив не важи, веројатно така им чини да се прават будали и да не сакаат да разберат на какви се проблеми наидуваме во спроведување на овие постапки. Јас примам плата да ја вршам својата работа и ја вршам. Знам дека има поплаки на мене и не само на мене туку и за сите колеги но ако сакате ефикасна инспекција обратете се кај Министерот за транспорт и врски нека го промени законот, нека ја скрати постапката, нека ни ги зголеми овластувањата и нека го зголеми бројот на инспектори. Жал ми е што некои советници 48 месеци земаат по 500 евра месечен паушал од општината и не се потрудија нешто да научат, ниту закон ниту пак да научат како пристојно да се однесуваат. За жал мандатот им заврши во ароганција со обиди за себе промовирање, создавање хистерија кај граѓаните и притисок врз мене и останатите во општината но нема повеќе да ги трпиме.

Душко АндоновСо истата динамика беше изгласан и Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош,  за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1-ви јануари  до 30-ти јуни 2025 година. Во образецот на Извештајот за вториот квартал  за 2025 година, во колоната План се прикажани  вкупните приходи планирани со Буџетот за 2025 година во износ од 1.733.375.000 денари, додека пак во колоната – Реализирано се прикажани реализираните приходи за вториот квартал во износ 723.935.711 денари. Притоа, во општинскиот Буџет се планирани приходите на локалната самоуправа во износ од 803.537.000 денари, каде што е остварена реализација на приходите за вториот квартал во износ од 360.754.252 денари.

# “ЕУРЕКА„ КУЛМИНИРАШЕ НА КАРПОШОВАТА ЛЕТНА СЦЕНА

**Со звуците на хип хоп и ар-ен-би музиката, како и македонските евергрини, во перфектно комбинирана кореографија, разиграните деца ја загреаја атмосферата на платото „Млечен” во Карпош. Студиото за танц „Еурека”, кое датира од 2001 година, во моментов работи со повеќе од 400-ни деца и млади, кои се поделени по возрасти и ниво на подготвеност. Танцовото студио може да се пофали со богата историја во изминатите 25 години, како учесници на Меѓународни активности и прво инклузивно танцувачко студио во целата држава.**

**Карпошани, оваа вечер, имаа можност да ужуваат гледајќи ги танцувачките способности, кои беа во изобилие, на децата и младите. Прекрасните изведби беа уживање за сечиј очи. Посебно внимание и аплауз од публиката, доби инклузивната изведбата на македонски добро познат евергрин, а кои беа потпомогнати од нивните другарчиња од танцувачкото студио.**

**На 28-ми август, со почеток од 20 часот, на големиот празник Голема Богородица, во дворот на црквата „Св.Тројца”-Бардовци, карпошовото лето продолжува со фолк легендите на македонската народна песна: Наум Петревски, Ефто Пупиновски, Благоја Груевски, Зуица Лазова, Ленче Кукиќ, Смиља Митревска, Драган Мијалковски, Горан Алачки во придружба на Народниот оркестар на Радио Бубамара, под водство на Демир Имери.**

**Поддршка од Советот доби предлогот за изменување и дополнување на Програмата од областа на Екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година. Во рамки на оваа Програма ќе бидат зголемени средствата за јавна чистота и хигиена, како и за изградба на нови системи за јавно осветлување. Измени и дополнувања претрпеа и годишните програми од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, Програмите за развој, како и Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Карпош за 2025 година. Со одлука на Советот, едногласна поддршка доби и предлогот за доделување на финансиска помош во висина од 100.000 денари, на жител од Карпош кој се наоѓа во социјален ризик.**

